Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

ВИНИЦА

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр. 32/20 год.) Градоначалникот на општина Виница, објавува

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
бр. 11-77/1
11.12.2023 год
ВИНИЦА

# СООПШТЕНИЕ

**Се организира Јавен увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница**

Предмет на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е затварање, санација и понатамошна грижа за нестандардна депонија за комунален отпад, Општина Виница, која е дел од Проектот ИПА 2 „Затворање на депонии и депонии кои не се усогласени во источниот регион“ (ЛОТ1).

Изборот на оваа локација е определена на местото на постоечката нестандардна депонија . Постоечката нестандардна депонија се наоѓа на источниот дел од градот Виница, на патот кој води до селото Лески, на околу 3km од центарот на градот. Локацијата има директен пристап со асфалтен пат, а последните 500m се земјен пат. Депониското тело е сместено во клисура на косина, со ориентација север-југ. Во непосредна близина на депонијата не се регистрирани водотеци кои гравитираат кон депонијата.

Проектниот опфат опфаќа дел од КП1155/1, КО Градец и дел од КП70, КП 71, КП72, КП79 и КП 80/1 , а цела КП 81, КО Лески со вкупна површина од 27470,44 м2

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во Општина Виница опфаќа парцели од КО Лески и КО Градец Општина Виница. Административно припаѓа на Општина Виница. Предметниот проектен опфат е со основна класа на намена - Е3.1 (Отпади и депонии), согласно член 77, став 1 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр. 225/20, 219/21,104/22) односно Е3.1 – нестандардна депонија за комунален отпад.

Јавниот увид ќе биде објавен на официјалната web- страна на Општина Виница во времетраење од 15 дена со почеток од 11.12.2023 до 25.12.2023 година.

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Миле Петков

---------------------

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ВИНИЦА